**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4503/1

Скопје 14.10.2017г.

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 14-ти октомври 2017г.**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дваесеттиот дневен извештај за 14-ти октомври 2017 година.

Мониторингот денеска е концентриран на следење на почитувањето на одредбите од член 76-б од Изборниот законик кои се однесуваат на известување за време на изборниот молк кој започна ноќеска на полноќ и ќе трае до затворањето на избирачките места утре во 19 часот.

Констатирано беше прекршување на изборниот молк кај ТВ Едо која, спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, објави аудиовизуелен материјал во кој учествува Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ, партија која заедно со својата Коалиција е учесник во изборната кампања за Локалните избори 2017. За прекршувањето се подготвува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

Извештајот од надзорот е објавен на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

.............................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009